

ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА 1/2023

# УВОДНИ СТИХОВИ

*Сабота, 7 јануари 2023*

## 1. Важно е што ни вели Бог

**Уводни зборови: прочитајте 1. Царевите 13,7-22.**

**„Зашто вака ми е заповедано од Господовото слово" (1. Царевите 13,9).** Еднаш бил спроведен експеримент на десетмина млади луѓе со цел да се покаже колку се способни да одолеат на притисокот на мислењето на другите. Младичите ги внеле во една просторија и ги упатиле да ја кренат раката кога учителот ќе им ја покаже најдолгата линија на трите табели. На деветтемината однапред им било кажано да гласаат за втората линија по должина. Но на еден младич од групата ништо не му било сугерирано.

Експериментот почнал со деветте младичи кои гласале за погрешната линија. Десеттиот младич, по навика, погледнал околу себе, сиот збунет и заедно со другите во групата ја подигнал својата рака. Немал храброст да им се спротивстави и да им покаже дека згрешиле.

Во 13 глава од 1. Царевите некој Божји човек направил чудни знаци на жртвеникот во Ветил (стихови од 1-6). Но тогаш, по големата победа, ги прифатил зборовите на друг пророк како вистина, иако знаел дека тоа е во спротивност со она што Бог му го кажал (прочитајте ги стиховите од 15 до 19). Поради оваа непослушност на Божјата Реч, бил убиен од лав: „А на патот лав скочи врз него, и го усмрти. И така мртвото тело лежеше спружено на патот, ослето стоеше покрај него, и лавот стоеше покрај телото.Поминувајќи луѓето ги видоа: мртвото тело спружено на патот, и лавот како што стои покрај него; и отидоа и го јавија тоа во градот, каде што живееше стариот пророк. Кога го чу тоа пророкот, кој го беше вратил оној од патот, рече: „Тоа е Божјиот човек кој не ја запази Господовата заповед! И Господ го предаде на лав, што го нападна и го умртви, според словото што Господ го рече" (1. Царевите 13,24-26).

Овој настан нè учи дека Божјата реч е над секоја друга порака. Таа е во секое време значајна и поради тоа треба веднаш да ја послушаме. Кога сме во искушение да попуштиме под притисокот на мнозинството, токму тогаш мораме да останеме цврсти и непоколебливи. Ваквата цврстина единствено Бог може да ни ја даде.

*Сабота, 14 јануари 2023*

## 2. Нежен и моќен Бог

**„Алилуја! Фалете Го Господа, зашто е добар, пејте Му на нашиот Бог, зашто е благ; Тој е достоен за секаква пофалба. Господ го гради Ерусалим, ги собира распрснатите Израелци. Тој ги исцелува оние што се со скршено срце и ги преврзува нивните рани. Тој го одредува бројот на ѕвездите, секоја ја наречува со нејзиното име. Нашиот Бог е велик и Сесилен, нема мерка за Неговата мудрост“ (Псалм 147,1-5).**

Бог по име ја познава секоја ѕвезда, како и нивниот број, па сепак се грижи за нас, за тебе и мене, иако сме скршени под силата на гревот. Ги исцелува нашите ранети срца со неговите топли зборови, љубезно и сочувствително, и ја лекува длабината на нашата душа. Големината на Божјата сила е во Неговото срце. Неговата сила е мерка за Неговата љубов. Тој е нежен и моќен Бог.

Псалмистот зборува дека Бог „го одредува бројот на ѕвездите“, дури секоја од нив „ја нарекува по нејзиното име“. Зар повеќе би се грижел за ѕвездите кои претставуваат обична материја отколку за нас кои сме создадени според Неговиот лик. Се разбира, Тој не го прави тоа. Ги знае нашите лични проблеми и ако со цело срце му ги довеуваме, се грижи за сите нив. Негова работа е да се грижи за своите созданија.

Бог, кој се појавил во личноста на Исуса Христа како Божји Син, бил подложен на сите страдања и тешкотии низ кои поминуваме: „Бидејќи, затоа што и Самиот трпеше кога беше искушуван, може да им помогне на оние кои се искушувани“ (Евреите 2,18). Тој нè разбира, кога ќе згрешиме или ќе паднеме не нè осудува ниту нè прекорува. Се наведнува и ги слуша нашите копнежи, така што сака да ни помогне кога викаме за помош.

Нежно нè исправува и нè исцелува од гревот со својата божествена вештина. Ѕвездите не се Негова главна грижа, туку вие! „А на Оној, Кој може да ве запази од сопнување и да ве постави непорочни во радосно восклинкување пред Својата слава,на Единствениот Бог, нашиот Спасител преку Исуса Христа нашиот Господ - слава, величие, сила и власт пред секое време и сега и во сите векови. Амин!“ (Јуда 24.25)

*Сабота, 21 јануари 2023*

### 3. Две градини

**Прочитајте: Евангелие според Јован 18,1-11.**

**„И Господ, Бог, насади градина на исток, во Еден, и таму го смести човекот, кого го обликува“ (1. Мојсеева 2,8).**

Во Библијата се споменуваат две градини: едемската и гетсиманската. Бог го сместил првиот човек во едемската градина; Исус тргнал во гетсиманската градина да го обнови она што првиот човек го изгубил.

Првиот човек, Адам, згрешил во градината; последниот Адам, Исус Христос, ги презел врз себе сите човекови гревови. Среде градината во Едем се наоѓало дрвото на животот, под кое човекот можел вечно да ужива кога поради непослушност не би го прекинал заедништвото со Бога. Гетсиманската градина била чекор од дрвото на смртта поставено на Голгота (Дела 5,30; 1. Петрово 2,24). Преку својот грев на непослушност, Адам го изгубил правото на дрвото на животот, така што на целото човештво му ја донел смртта. Оној, пак, кој висел на Голготското дрво, ја победил смртта и со своето славно воскресение го обновил дрвото на животот за сите оние што веруваат во Него.

Градината во која Адам згрешил, се изгубила од лицето на Земјата, но доаѓа и радосен ден кога Оној кој ја претрпел агонијата во Гетсиманската градина, ќе го обнови целиот свет. Ќе се симне проклетството од Земјата, ѕверовите повторно ќе бидат питоми, ќе ги снема пустините (Исаија 35,6), Земјата ќе раѓа во изобилство (Амос 9,13), а Исус лично ќе се појави за да го благослови својот народ (Откровение 21,3). Она што го изгубил Адам, Исус ќе го обнови до совршенство.

Адам бил првиот Божји човек кој преку сопствениот грев ја внел смртта во целото човештво. Исус дошол на светот да понуди спасение за сите кои ќе поверуваат во Него и да им осигура вечен живот со Бога.

*Сабота, 28 јануари 2023*

## 4. Чудовишта од длабочините

**Прочитајте: Книгата за Јов 40,24 - 41,3: „Ќе го фати ли некој пред очите негови и ќе му го продупчи ли носот негов со кука? Можеш ли со јадица да извлечеш крокодил и со врвца да го врзеш за јазикот? Ќе вовреш ли алка во ноздрите негови? Ќе ја прободеш ли со шило челуста негова? Ќе ти се моли ли многу и ќе ти говори ли кротко?“**

**„Бог создаде морски чудовишта и секакви живи суштества, што ползат и се движат по водите“ (1. Мојсеева 1,21)**

Синиот кит е најголемото животно кое некогаш постоело. Долг е преку 30 метри и тежи околу 175 тони. Најголемиот кој бил пронајден имал срце како „фолксвагеновата буба“.

Во 1. Мојсеева 1,21 пишува: „Бог создаде морски чудовишта и секакви живи суштества, што ползат и се движат по водите и крилати птици од секаков вид. И Бог виде дека е добро“.

Кога Создателот на се што постои му се објавил на Јов кој бил во големи страдања, и ги опишал чудовиштата од длабочините меѓу кои бил и таинствениот Левијатан, била опишана Божјата сила, Неговата неистражена природа и неспоредлив карактер.

Бог го користи китот, Левијатанот и сите други чудовишта од длабочините за да нè потсети колку е семоќен како Создател на сите суштества. „Па и Неговите невидливи својства, Неговата вечна сила и Божеството, можат да се согледаат од создавањето на светот, набљудувани преку творбите. Па така немаат изговор“ (Римјаните 1,20) Оној кој ги создал сите суштества кои не можат да бидат управувани од луѓето, се наоѓа далеку од моќта на сфаќање на луѓето.

Како што застрашувачката грмотевица нè тера да застанеме во понизност и стравопочитување пред Создателот, на сличен начин нè восхитува и големиот син кит. Сите Божји созданија укажуваат на Неговата вечна моќ. Бидејќи Бог е голем, свет и праведен, да се надеваме на Неговата љубов.

*Сабота, 4 февруари 2023*

## 5. Кој може да каже што е исправно

**Прочитајте: Послание до Римјаните 2,12-16:**
**„Оние што згрешиле без Закон, без Закон ќе загинат; а оние што згрешиле под Закон, според Законот ќе бидат и судени, бидејќи пред Бога не се праведни оние што го слушаат Законот, туку ќе се сметаат за праведни само оние што постапуваат според Законот. Зашто секогаш кога незнабошците, кои немаат Закон, природно ги извршуваат одредбите на Законот, тогаш тие, иако немаат Закон, се Закон на самите себе; тие докажуваат дека делото на Законот е запишано во нивните срца, за што сведочи и нивната совест, а и нивните внатрешни размислувања, со кои меѓусебно се обвинуваат или одбрануваат, за оној ден, кога, според моето Евангелие, Бог преку Исус Христос ќе ги суди тајните на луѓето.“**

Луѓето што ги отфрлаат апсолутните вредности на доброто и злото, често се многу недоследни. Кога сметаат дека со нив се постапува лошо, се повикуваат на мерилата на правдата и очекуваат тие мерила да бидат почитувани.

Професорот по филозофија го започнал своето предавање поставувајќи им прашање на студентите: „Дали сметате дека може да се докаже дека постојат апсолутни вредности како правдата?“ Слободоумните студенти се сложиле дека сѐ е релативно, така што ниеден закон не може да се примени на сеопшто ниво. Пред крајот на семестарот, професорот посветил неколку часа за расправа околу овој предмет. На крајот заклучил: „Без оглед на вашите размислувања, сакам да знаете како може да се докаже дека постојат апсолутни вредности. Ако не го прифатите она што ви го велам, ќе паднете на испитот!“ Еден разгневен студент станал и рекол: „Но, тоа не е праведно!“ Токму со ова го докажавте моето тврдење“, одговорил професорот. „Вие се повикавте на праведноста“.

Бог на секого му дал совест која му вели што е исправно а што не. (Римјаните 2,14.15). Неговите морални вредности се напишани во Библијата. Секогаш кога ќе ги употребиме зборовите добро и зло, го применуваме мерилото според кое донесуваме ваков заклучок. Биб-

лиските вредности се исправни во секое време, бидејќи прозилегуваат од вечниот и непроменлив Бог.

Му благодариме на Бога што не нѐ оставил во темнината на незнаењето. Во нас всадил совест според која расудуваме што е добро а што е зло. Затоа да се молиме да нѐ заштити од сите непромислени чекори.

*Сабота, 11 февруари 2023*

## 6. Криење од Бога

**Прочитајте: 1. Мојсеева 3,7-13:**

**„Тогаш им се отворија очите на обајцата, и разбраа дека се голи; па исплетоа лисја од смокви и си направија опашала. Тогаш го чуја гласот на Господ Бог, кога Тој одеше низ рајот во времето на дневниот ветрец; и се сокрија Адам и неговата жена меѓу рајските дрвја. Но Господ Бог го повика Адам и му рече: ‚(Адаме) каде си?' А тој одговори: „Го чув одењето Твое низ рајот, па се уплашив, бидејќи сум гол, и се сокрив." И (Бог) рече: ‚Кој ти кажа дека си гол? Да не си јал од она дрво, од кое ти забранив да јадеш?' Адам, пак, рече: ‚Жената, која ми ја даде Ти, таа ми даде плод од дрвото, и јас јадев.' Тогаш Господ Бог и рече на жената: ‚Зошто го направи тоа?' Жената одговори: ‚Змијата ме измами, и јас јадев.'"**

Двајцата браќа биле многу лоши, така што родителите биле на крајот на своите сили бидејќи не можеле да ги контролираат. Отишле кај свештеникот и го замолиле да поразговара со нив.

Свештеникот најпрвин го повикал помалиот. Сакал да го поттикне да размислува за Бога така што разговорот го започнал со прашање: „Што мислиш, каде се наоѓа Бог?" Момчето не му одговорило, така што го повторил прашањето со малку построг глас. Повторно не добил одговор. Растажен, свештеникот му се заканил со прстот пред лицето и повикал: „Каде е Бог?" Момчето истрчало од собата каде што бил свештеникот, дошол дома и се скрил во ормарот. Неговиот постар брат тргнал кон него и го запрашал: „Што се случи?" Помладиот брат одговорил: „Се наоѓаме во голема неволја. Бог исчезнал, а тие мислат дека ние сме го скриле!"

Тоа ми звучи како одговорот на Адам и Ева. Се чувствувале виновни и настојувале да се скријат од Бога (1. Мојсеева 3,10). Тие имале тесна заедница со Бога, но сега се плашеле да се соочат со него. Бог ги пронашол и ги запрашал: „Што направивте?“ И наместо да се покајат за направениот грев, Адам одговорил обвинувајќи ја Ева, додека Ева ја обвинила змијата која ја измамила.

На кој начин се однесуваме ние кога ќе згрешиме против Бога? Дали се криеме, надевајќи се дека нема да нѐ пронајде? Ако сме Негови, Тој ќе нѐ побара. Најдобар избор е да се излезе од засолништето во кое сме скриени, да го признаеме нашиот грев и да ја обновиме тесната заедница со Бога.

Бог е подготвен да ни прости, бидејќи се обидуваме да се скриеме од Него. Да ги признаеме нашите гревови и да го молиме да ни прости и да ни помогне ниедна работа да не се испречи помеѓу Него и нас.

*Сабота, 18 февруари 2023*

## 7. „Ѕвездите и песокот...“

**Прочитајте: Псалм 147,1-11:**
**„Фалете Го Господа, зашто е добро да Му се пее на нашиот Бог, зашто на Добриот Му прилега пофалба. Господ го гради Ерусалим и ќе ги собере расеаните синови на Израел. Тој ги исцелува скршените по срце и ги преврзува раните нивни. Го определува бројот на ѕвездите и на сите им дава име. Велик е Господ наш и голема е силата Негова, а разумот Негов - неизмерлив е. Господ ги подига понижените, а грешниците ги понижува до земја. Пејте Му секогаш славословија на Господ: на лира пејте Му на Нашиот Бог, Кој го покрива небото со облаци, подготвува дожд за земјата, прави да расте трева по горите и растенијата за полза на човекот, на добитокот му ја дава храната негова и на малите врани кога гракаат. На коњската сила не гледа Тој, ниту Му е мила брзината на човечките нозе. Господ ги почитува оние, кои се бојат од Него и кои се надеваат во Неговата милост.“**

Група научници, кои биле раководени од еден австралиски астроном, пресметале дека бројот на ѕвездите во познатата вселена изне-

сува околу 70 секстилиони ѕвезди. Тоа значи бројот седум со дваесет и две нули. Овој немерлив број, велат тие, претставува само зрнце песок од секоја плажа и секоја пустина на Земјата. Тоа го пресметале кога го согледале развојот на галаксиите. Еден член од групата рекол: „Утврдувањето на бројот на ѕвездите не беше наша првенствена цел, но беше многу пријатно кога го добивме резултатот додека ги пресметувавме бројките“.

И сега, тоа безбројно мноштво ѕвезди во познатата вселена ни помага со стравопочит да го славиме Бога. Во 147 Псалм пишува: „Алилуја! Фалете Го Господа, зашто е добар, пејте Му на нашиот Бог, зашто е благ; Тој е достоен за секаква пофалба. Тој го одредува бројот на ѕвездите, секоја ја наречува со нејзиното име.Нашиот Бог е велик и Сесилен, нема мерка за Неговата мудрост“ (Псалм 147,1.4.5).

Овој Псалм не само што го претставува Божјето величие туку ја потврдува и Неговата грижа за секого од нас. „Тој ги исцелува оние што се со скршено срце и ги преврзува нивните рани“ (стих 3). „Господ ги поткрепува понизните, злосторниците ги понизува до земјата“ (стих 6) и „На Господа Му се мили оние, кои се бојат од Него, кои се надеваат на Неговата милост“ (стих 11).

Поради тоа го прославуваме големиот Бог кој управува со ѕвездите и сите ги познава по име, но истовремено се грижи и за нас и ни помага во нашите потреби.

Боже, Ти кој си ги создал ѕвездите во вселената, ти си Бог кој се грижи за мене, како незначително суштество на оваа земја. Да бидеме благодарни за Неговата грижа.

*Сабота, 25 февруари 2023*

## 8. Зошто Бог е посебен

**Прочитајте: Евангелие според Јован 1,1-14: „Во почетокот беше Словото, и Словото беше во Бога и Словото беше Бог. Тоа во почетокот беше во Бога. Сè стана преку Него и без Него ништо не стана, од она што постана. Во Него беше Животот и Животот им беше светлина на луѓето. Светлината свети во темнината и темнината не ја опфати. Имаше еден човек по име Јован, испратен од Бога; тој**

**дојде за сведоштво, да сведочи за Светлината, та сите да поверуваат преку него. Тој не беше Светлината, туку дојде да сведочи за Светлината. Беше Вистинска Светлина, Која го осветлува секој човек, што доаѓаше во светов. Во светот беше и светот преку Него постана, но светот не Го позна. Дојде кај Своите, но Своите не Го примија. А на сите што Го примија - на сите што веруваа во Неговото име - им даде моќ да станат чеда Божји; кои не по крв, ни по желба на телото, ни од похот машка, туку од Бога се родија. И Словото стана тело и се всели меѓу нас, полно со благодат и вистина; и ние ја видовме Неговата слава, слава како на Единороден од Отецот.“**

**„Јас и Татко Ми едно сме“ (Јован 10,30).**

Добронамерните луѓе во текот на вековите основале разни религии. Еден религиски водач добар дел од животот поминал барајќи ја вистината. Сето тое е вредно за пофалба.

Друг религиски водач бил учител кој бил многу општествено ангажиран, напишал правила за честа на своите следбеници. И ова бил многу чесен потфат.

Колку и да биле добри основачите на светските религии, воопшто не можат да се споредат со основачот на христијанството. Главната причина се наоѓа во следното: Сите тие спаѓаат во категоријата „добри луѓе“, додека Исус бил единствениот кој бил во посебна категорија, различна од сите останати: Тој бил Бог и Човек.

Единствено Исус бил Емануел (што значи Бог е со нас, Матеј 1,23), Тој е жива реч (Јован 1,14), Спасител (Лука 2,11) и Месија (Јован 1,41). Единствено Исус можел вистински да ја потврди својата еднаквост со Небесниот Татко. „Јас и Татко Ми едно сме” (Јован 10,30). Исусовите зборови имаат божествено потекло. Единствено Неговиот живот бил совршен, а Неговата смрт и воскресение им овозможуваат на луѓето вечен живот.

Исус бил единствен во целиот свет и во историјата на човечкиот род. Тој е единствено достоен да биде почитуван како Бог, достоен за секоја љубов и стравопочитување. Единствено Тој претставува совршен човек. Тој е единствено божествено битие. Единствено Тој нуди спасение и вечен живот. Не прифаќајте ништо друго освен Исуса; сите други работи се многу помалку вредни.

Сите патишта не водат до Бога, како што тврдат мнозина. Постои само еден пат: „Јас Сум Патот, и Вистината, и Животот. Никој не доаѓа при Татко Ми, освен преку Мене“ (Јован 14,6).

*Сабота, 4 март 2023*

## 9. Бракот - дар од Едем

Саботата и бракот претставуваат два оригинални Божји дарови за човековиот род. Нивната намена е да донесат радост и одмор на припаѓањето без оглед на времето, местото и културата. Со воспоставувањето на овие две институции, дошло до кулминација на Божјето создателско дело на оваа земја. Тоа било Негово големо финале, најдобро од сите добри дарови што Бог му ги дал на човекот при создавањето. Воспоставувајќи ја саботата, Бог на луѓето им дал време на одмор и обнова, време за заедница со него. Создавајќи го првото семејство, Тој ја воспоставил основната општествена ќелија на човештвото, притоа давајќи им на луѓето чувство на припадност и обезбедувајќи им можност да се развијат во совршени суштества, подготвени да им служат на Бога и на луѓето.

Саботниот ден е посебна поддршка на заедништвото на членовите на семејството и претставува време кога членовите на семејството треба да се соберат заедно околу Божјата реч. На овој начин нивните меѓусебни врски ќе бидат посилни и подлабоки, но само доколку му дозволат на Бога својата реч да ја втисне во нивните срца. На овој начин општеството ќе добие темел и преку една стабилна заедница ќе биде способна позитивно да влијае на него и да произведува нови членови на општествената заедница чие влијание ќе биде немерливо.

Во денешно време, кога вредностите се испревртени и кога целото човечко општетство страда од отфрлање на Божјите закони, повикани сме високо да ги воздигнеме христијанските принципи и да бидеме жив пример за благословите кои им се даваат на оние кои Бога и Неговите заповеди ги поставиле на прво место во својот живот. Благословите на овој посебен ден нека бидат уште еден повик на нашето опкружување да го напушти патот кој донесува неслога, жалост и страдање, како и сите други останати тешки последици кои ги трпи современиот свет со цел да му дозволи на Бога да донесе мир и напредок по кој копнее.

*Сабота, 11 март 2023*

## 10. Создател и сопственик на универзумот

Како потсетник на Неговата сувереност и сопственост над универзумот, Бог во текот на создавањето го одредил седмиот ден како посебно време, со цел Адам и Ева како Негови потомци да можат да го препознаат како нивни Создател. За првите луѓе, почитувањето на саботата било акт на вера во Бога кој имал моќ да создава. Сѐ што создал Бог било добро. Саботата била Божји повик за луѓето да поминат време во Негова присутност, да се одморат и да имаат заедница со Него. Во овој контекст, богослужението било доброволен и духовен одговор на Божјата природа. Почитувањето на саботата за Адам и Ева требало да биде непрекината заедница на љубов меѓу нив и Создателот но и знак на нивната одговорност кон планетата на која живееле.

Одговарајќи на прашањето што му го поставиле учениците за последното време и знаците на Неговото доаѓање, Исус ја употребил параболата за да им ги пренесе вистините запишани во Матеј 24 и 25 глава. Во параболата за талантите (Матеј 25,14-30), Исус нагласил дека, луѓето кои го чекаат неговото враќање, треба да работат како добри повереници на финансиските средства кои им биле дадени од Господарот. Повереничката одговорност кон Бога подразбира дека принципот не е ограничен само на парите туку и на другите подрачја на човековото искуство и работа, вклучувајќи ја и грижата за животната средина.

Овој нагласок за лична одговорност на оние што го чекаат Христовото доаѓање, е даден и во параболата за судот (Матеј 25,31-46). Во Неговата последна порака до светот во Откровение 14, Бог упатува уште еден повик до жителите на земјата да го почитуваат Создателот кој ги создал небото и земјата, морето и водените извори (стих 7). Ова укажување на делата на Божјето создавање не е случајно туку важно повторување за Божјата природа, бидејќи обожавањето на Бога како Создател вклучува соодветна грижа и управување со светот што Тој го креирал.

*Сабота, 18 март 2023*

## 11. Случајност или план

**Прочитајте: Римјаните 1,18-20: „Зашто гневот Божји се открива од небото против секоја безбожност и неправда на луѓето кои вистината ја спречуваат со неправда. Па така, она, кое може да се знае за Бога, ним им е откриено, бидејќи Бог тоа им го открил. И навистина, она што е во Него невидливо, односно вечната Негова сила и Божественост, согледливи се уште од создавањето на светот, гледано според Неговите дела, па така тие немаат изговор.“**

**„Небесата ја раскажуваат Божјата слава, небесниот свод го навесува делото на Неговите раце“ (Псалм 19,1).**

Библијата почнува со овие важни зборови: „Во почеток Бог ги создаде небото и земјата“ (1. Мојсеева 1,1). Колку се едноставни овие зборови, но сепак толку длабоки! Познатиот научник пишува дека природните закони се означени како „најголема математичка убавина и едноставност“.

Иако не сум математичар и научник, предизвикан сум од ваквата изјава. Ако не постои Оној кој го смислил сето тоа, ако нема Бог Создател, како тогаш целата вселена се наоѓа под надзор на природните закони во нивната едноставност и убавина? Се чудам и го поставувам прашањето, како нашата вселена не се наоѓа во сеопшт хаос?

Единствено разумно објаснување е библискиот Бог. Во Римјаните 1,20 јасно пишува: „Па и Неговите невидливи својства, Неговата вечна сила и Божеството, можат да се согледаат од создавањето на светот, набљудувани преку творбите. Па така немаат изговор“ (Римјаните 1,20).

Единствено реалноста на Божјето постоење може да го објасни постоењето на вселената, вклучувајќи го и нашиот живот во неа. Не сме случаен производ, туку созданија кои биле испланирани и обликувани од Создателот со неговата неограничена мудрост и сила. Побарајте го во Неговите созданија, таму јасно ќе може да го видите.

Бог сака да објави многу работи за својот карактер, а тоа го гледаме во делата на Неговото создавање. Својата љубов Бог ја објавува во својот Син, Исус Христос. Му благодариме на Бога што ни се открил во сите создадени дела.

*Сабота, 25 март 2023*

## 12. Во породилни маки

**Прочитајте: Римјаните 8,18-25: „Зашто гневот Божји се открива од небото против секоја безбожност и неправда на луѓето кои вистината ја спречуваат со неправда. Па така, она, кое може да се знае за Бога, ним им е откриено, бидејќи Бог тоа им го открил. И навистина, она што е во Него невидливо, односно вечната Негова сила и Божественост, согледливи се уште од создавањето на светот, гледано според Неговите дела, па така тие немаат изговор. Зашто, кога Го познаа Бога, тие не Го прославија како Бог, ниту пак, Му благодарија, туку се заблудија во своите помисли, и нивното неразумно срце им се помрачи; тврдејќи дека се мудри, тие обезумија, и славата на непропадливиот Бог ја заменија со лик на смртен човек, на птици, на четириножни животни и на лазачи. Затоа и Бог, според желбите на срцата нивни, ги предаде на нечистота, па сами да си ги обесчестуваат своите тела. Тие ја заменија вистината Божја со лага и му се поклонија и му служеа на создаденото повеќе отколку на Создателот, Кој е благословен во вечни векови. Амин!“**

**„Имено, знаеме дека целото создание заедно воздивнува и страда во родилни маки досега“ (Римјаните 8,22).**

Целата земја повремено испушта некои воздишки. Понекогаш тие изгледаат како криците на една мајка додека го носи на свет своето чедо.

Апостол Павле напишал дека целото создание заедно воздивнува и страда во родилни маки. Овие воздишки понекогаш имат облик на земјотрес, лизгање на земјиштето, ураган или цунами.

Во песната „Светот во оган“, Сара Меклахан ја опишува нестабилноста и трагичните исходи на геолошките катастрофи. Еден стих зборува за тоа како да се соочиме со нив: „Ги посматрам небесата и го слушам нивниот повик; понекогаш може да направам нешто за да ги изменам работите. Биди близу мене додека се рушат небесата; не сакам да останам сама. Не сме сами во копнежот Исус Христос, нашиот Спасител да се врати по нас. Додека го чекаме, Тој е наш траен сопатник. Како Земјата, и ние беснееме и воздивнуваме кон

Бога да ги исправи лошите работи на светот. Но, како Негови следбеници наспроти сите земски несигурности сме повикани да го чекаме со трпение (стих 25). Еден ден сите созданија ќе се простат од ропството на распаѓањето и смртта, во слобода на славата на Божјите деца (стих 21).

Исус рекол дека засекогаш ќе биде со нас, во сите денови на свршетокот на светот (Матеј 28,20). Можеме во целост да се потпреме на Него дека Тој ќе го одржи своето ветување.

Кога ќе се случат несреќи, светски катастрофи и неволјите ќе се зголемат, да го насочиме нашиот поглед кон Него, Семоќниот Бог кој ги надгледува сите настани. Тој ќе ја засили нашата вера во конечното избавување.

**ГРАДИВО 1/2023**
**Уводни стихови**

**Излегува тримесечно**

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Уредил:**
Мелита Томовска

**Коригирал:**
Томе Трајков

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**